

# СО НАДЕЖ крај гробот

# Времето на смртта и плачењето

Времето на смртта е време ***„кога ќе се скине сребрениот конец, ќе се скрши златната чаша, се растури ведрото крај изворот и ќе падне тркалото на бунарот; И ќе се врати правот во земјата, како што си бил, а духот ќе се врати кај Бога, кој го дал“*** (Проповедник 12,6.7).[1] Времето на плачење е време на тага и болка над одарот на оние што сме ги сакале целиот наш живот. Кој ќе нè утеши?



Веста за смртта секогаш донесува тага и жалост. Иако на ***„луѓето им е одредено еднаш да умрат“*** (Евреите 9,27), сепак, нема човек кој се помирува со смртта. Кога царот Давид добил вест дека неговиот син Авесалом загинал, тој се ***„вознемири и отиде во собата над портите и плачеше и, кога си одеше, велеше вака: ’Сине мој Авесаломе! Сине, сине Авесаломе! О, да бев умрел јас наместо тебе, Авесаломе, сине мој, сине!’“*** (2. Самоилова 18,33).

Првата вест за смртта, ставена во рамки на најдлабока болка, се наоѓа во Светото Писмо. Првиот човек кој не го издржал ударот на смртта бил Авел, синот на Адам и Ева. Загинал во мугрите на животот пред вратата на Едемската градина. Плачот на родителите бил израз на најдлабока и до тогаш недоживеана тага. Од тој миг светот станал долина на солзите и на ***„смртната сенка“*** (Псалм 23,4). Меѓутоа, Бог никогаш не бил рамнодушен кон смртта на своите синови и ќерки. ***„Зашто Јас не сакам никој да умре, вели Господ Бог“*** (Езекил 18,32).



# Под ѕвездата на надежта

Светото Писмо е Божјата книга на животот, а не на смртта. Религијата на Библијата е религија ***„на празниот гроб“***. Христос ги победил гробот и смртта. Воскреснал од мртвите и на сите луѓе им дал надеж во воскресение. Кога би го подигнале погледот кон Исуса Христа, би го виделе Оној ***„кој ја уништи смртта и го објави животот и бесмртноста преку Евангелието“*** (2. Тимотеј 1,10).

Вдахнат од Библијата, еден познат мајстор направил слика која ја нарекол ***„Надеж“***. Сликата прикажува човек кој седи со покриени очи. Во рацете држи харфа на која има само една жица. Над него, во полутемнина, свети една ѕвезда. Човекот сепак не ја изгубил надежта: тој свири на својата харфа, на таа последна жица, и ги слуша звуците на животот...

Има надеж! Можеби сме загубиле сè што животот го правело вреден, но сè уште можеме да живееме и со она што ни останало ако ни останала надежта. Има надеж во Христа. Дури и тогаш кога мислиме дека сме загубиле сè, уште не е сè загубено. Библијата вели: ***„Во надежта своја ќе бидеш спокоен, во неа ќе најдеш мир“*** (За Јов 11,18).

За многу луѓе во светот смртта е крај на сè, последен чин во драмата на животот. Но за животот и за смртта Библијата знае повеќе отколку филозофите на сите времиња. Таа за природата на човекот знае повеќе отколку сите мислители на светот, зашто во неа зборува сам Бог.



Читајќи го Светото Писмо, мораме постојано да имаме на ум дека кај Бога ***„нема ниту промена, ниту сенка од измена“*** (Јаков 1,17). Исус Христос е Бог на почетокот, во текот и на крајот на нашиот краток живот, ***„вчера, и денес, и во вечни векови“*** (Евреите 13,8). Тој е Светлина на животот и вечната Љубов. Она што Христос бил од самиот почеток, тоа ќе биде и во вечноста. Бог никогаш не ја менува својата природа. Промена не се случила во природата на Бога, туку во природата на човекот. Гревот го расипал Божјиот лик во луѓето. Смртта и трагедиите на човештвото се предизвикани од гревот и беззаконието. Како се случило тоа? Од каде дошла смртта?

1 Текстовите во наводници и со задебелени букви низ целата брошура се извадоци, односно цитати, од Библијата (Светото Писмо). Во заградите по цитатот е назначено на кое место во Библијата тој се наоѓа.

## НОТА НА БЕЗЗАКОНИЕ

Во почетокот сите „тркала“ на животот во вселената се вртеле хармонично со придружба на музика. Вечноста минувала без потреси. Ненадејно, песната на ангелите била нарушена со една нехармонична нота која произлегла од нивниот диригент Луцифер. Овој највозвишен ангел посакал да подигне свој престол над престолот на својот Создател. Додека сите ангели пееле: *„Бог е љубов“* (1. Јованово 4,8), хороводачот додавал:



„Бог е себичен!“ Тоа било првото нехармонично пеење – бунт против хармонијата во вселената. Всушност, кај Луцифер се појавила завист затоа што не бил повикан да учествува во создавањето на Земјата. Никој не го прашал за совет, ниту бил повикан да се придружи на Бога во изведувањето на новото величествено дело на создавањето на светот.

Во тоа време жителите на небото живееле во потполна хармонија со Божјата волја, која е изразена со Божјиот Закон. Љубовта и послушноста кон Бога била небесната музика на нивниот живот. Мелодијата на Божјиот закон била во потполна хармонија со среќата на сите суштества во вселената. И тогаш - како камен фрлен во вода - се појавило беззаконие кое ја вознемирило целата вселена. Сепак, Бог не го прекинал Луцифер во неговите непријателски замисли и разорно делување. Бог, кој е возвишен, не го уништил веднаш овој отпаднат херувим затоа што небесните ангели никогаш не би сфатиле зошто смртта е неизбежна последица и реален крај на секој грев и беззаконие.

Една третина од ангелите, заведени со обвинувањата на Луцифер, ја напуштиле небесната заедница и основале сопствена група. Луцифер пред сите го изразил својот презир кон Божјиот Закон. За него Законот бил ограничување на слободата. „Законот мора да биде укинат“, била неговата лозинка. Одлучил со сила да ги брани своите ставови: *„И настана војна на небото: Михаил и неговите ангели војуваа против змевот, а змевот и неговите ангели војуваа против нив; но беа поразени, и за нив веќе не се најде место на небото“* (Откровение 12,7.8).



Паднале милијарди ангели, но Божјиот ораториум „Создавањето на Земјата“ бил продолжен. На небото одѕвонувале величествените акорди на создавањето. На нашата планета е создадена светлината, копното и морињата, птиците, рибите и животните. Пред очите на восхитената вселена големото дело на создавањето на светот се приближувало кон својот врв: *„Потоа Бог рече: Да создадеме човек според Нашиот образ... според образот Божји го создаде: машко и женско ги создаде“* (1. Мојсеева 1,26.27).

## СКИНАТИ ЖИЦИ

Соборен од небото, Луцифер се сетил на човекот: кога би го навел да падне, зар Бог не би пронашол начин паднатиот човек да го врати во првобитната положба? Зар тоа не би ја отворило вратата на небото и за него, Луцифер, и за неговите паднати, гневни ангели? Одлучил да се обиде.

Бог ги создал Адам и Ева според својот образ, слободни да мислат и одлучуваат. Срцето на небесниот Татко можело да се радува само на слободните гласови на првите луѓе. Адам и Ева требало да го положат испитот на верност и доброволна послушност. Затоа едно дрво им било забра-



нето - дрвото за познавање на доброто и злото: *„Зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш“* (1. Мојсеева 2,17). За жал, човекот, под влијание на *„змијата“* или сатаната, решил да застане на страната на вселенските бунтовници. Колку горчлив бил плодот на гревот! Уште од самиот почеток гревот имал вкус на смрт...

Ева каснала од забранетиот плод. Од љубов кон неа, и Адам ја погазил Божјата волја. Божјата слава, која дотогаш ги облекувала со светлина како со облека, исчезнала; радосната музика во нивното срце престанала; жиците на харфата на животот се скинале. Процесот на смртта веднаш започнал. На човекот му било оневозможено да пристапи кон дрвото на животот, да вкуси плод од

него и вечно да живее. Грешникот не смеел да стане бесмртен. Смртта е плата за гревот.

Смртта на помладиот син на Адам и Ева донела неискажлива тага во нивните срца. Сега им станало јасно дека сатаната им кажал лага кога им рекол: „***Нема вие да умрете!***“ (1. Мојсеева 3,4).



Сатаната изрекол лага и Христос со право го нарекол „***татко на лагата***“ и „***крвник***“ (Јован 8,44). Бог го создал човекот со цел вечно да живее, но под услов да биде послушен. Меѓутоа, непослушноста предизвикала суштинска промена во движењето на силите кај човекот. Тие почнале да се движат по нова, смртоносна патека на злото. Сите животни процеси биле нарушени. Смртта влегла во човечкото семејство како последица на престапот на заповедите на Создателот. Трагедијата започнала...

Славата на Божјето лице, која давала светлина и живот, сега им причинувала болка на луѓето кои биле вовлечени во состојба на бунт против Бога. Оваа состојба не настанала затоа што се променила природата на Божјата слава и светлина, туку затоа што човечката природа веќе не можела да се вклопи во вредностите на вечниот живот. Веќе не била возможна отворена заедница меѓу Бога и човекот. Всушност, човекот имал можност да живее само затоа што Божјиот Син одлучил да умре за него. Божјиот Син станал Божје Јагне „***заклано од создавањето на светот***“ (Откровение 13,8).

Смртта влегла во сите луѓе како последица на човечкото своеволие, а не поради некоја Божја самоволна одлука. Бог кажал: „***Во оној ден ќе умрете***“, а сатаната: „***Нема вие да умрете!***“ Бог ја кажал вистината: „Смртта е непријател“, а ѓаволот изјавил: „Не! Не постои смрт! Откажете му ја послушноста на Бога и тогаш вие ќе станете како Бог!“ Наместо да добие бесмртност, човекот го изгубил животот што Бог му го дал...

Сепак, иако оваа библиска вистина е толку едноставна, мнозина сè уште веруваат во учењето на сатаната за смртта. Многу небиблиски религии и



филозофии го прифатиле учењето на сатаната дека по смртта ќе станат богови. Старите Грци верувале во митот дека постои бестелесен живот во вид на неуништива или бесмртна душа. Многу тирани, врз основа на овие сфаќања, верувале дека, и покрај нивните страшни злодела, ни сам Бог не може повеќе ништо да им стори. „Науката“ за бесмртноста на душата била пренесена во отпаднатото христијанство, па дури станала и негов главен столб.

Оваа прва лага, кажана во рајот, и денес е лага, како што била и на самиот почеток. Меѓутоа, Бог не го напуштил паднатиот човек; го барал и го пронашол во вистинско време. Разговарал со него и по првиот грев, но веќе не „лице в лице“. Извалкан од гревот, човекот не можел повеќе да остане жив пред Божјето лице. Неговиот живот веќе не бил во согласност со Божјиот свет Закон. Сепак, Бог пронашол решение: Витлеем и Голгота!

## ИСКРА НА НАДЕЖ

Витлеем! Бог над војските ветил дека ќе го постави својот шатор меѓу шаторите на луѓето! Ќе ја скрие својата слава што ја имал во присуството на Таткото пред создавањето на светот. Ќе дојде на Земјата како новороденче! Божјиот Син ветил дека ќе дојде - и дошол во човечко тело. Витлеем објавил дека ќе дојде крај на сатанското царство на лагата.

Искра на надеж се родила преку ветувањето дадено уште во рајот: „***И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата***“ (1. Мојсеева 3,15).



Со Исусовото раѓање во Витлеем започнала нова ера - ера на надеж во обновен живот. Непријателството меѓу човекот и сатаната значело пријателство со Бога и надеж во вечен живот. Човекот може да стане бесмртен, но само ако е во сојуз со Бога. Бесмртноста произлегува од Христовата победа над смртта и тоа е Божји дар, а не наша заслуга. „Витлеем“ значи „куќа на лебот“, во која Исус бил „***Лебот на жи-***

***вотот***“ кој е наменет за животот на целиот свет.

А потоа - Голгота! Голгота била претскажана во вториот дел од ветувањето за доаѓањето на Спасителот дадено во Рајот: „***Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата.***“ Голгота била Божји одговор со кој се срушени сите клевети на сатаната. Божјиот Син умрел за да го откупи човекот од смртта и да му отвори пат што води во живот. На Голгота Бог го напишал и го потврдил документот за помилување:



„***Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде и својот Единороден Син, за секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот***“ (Јован 3,16).

До Голгота човекот би можел да биде збунет со тврдењето на сатаната дека гревот е слобода, а смртта повисок облик на живот. Но, по Витлеем и Голгота веќе не треба да постои таа збунетост. Сам Христос ни ја открива тајната на смртта, бидејќи Тој е Бог и Создател. Со своето воскресение ни дава одговор на нашите прашања за смртта и гробот. Исус кажал: „***Бев мртов, и еве, жив сум за сите векови***“ (Откровение 1,18). Голгота е исто така Христовиот одговор со кој е отфрлена лагата на сатаната дека Бог е себичен. Бог е љубов и во Христа е нашата единствена надеж и утеха пред смртта и гробот.

## Вистината за смртта

Исус е отелотворено Божје Слово. Неговата наука е вистина. Во Неговите раце се „***клучевите од гробот и смртта***“ (Откровение 1,18). Наместо да трагаме по она што го кажуваат за смртта Платон и Аристотел, вистината за неа може да ни ја каже само Оној кој ја вкусил смртта и ја победил!

Целата Библија ја открива вистината за смртта, но највпечатлив опис има во настанот кој зборува за воскресението на Лазар од Витанија.

„***Беше, пак, болен некој си Лазар, од Витанија, од селото на Марија и нејзината сестра Марта... Тогаш сестрите нарачаа по Него, велејќи: 'Господи, ете, оној што го милуваш, болен е'***“ (Јован 11,1.3).



Зошто Исус не заминал веднаш во Витанија за да му помогне на Лазар? Апостол Јован го нагласува ова значајно задоцнување. „***А кога чу (Исус) дека е болен, тогаш остана уште два дни во местото каде се наоѓаше. Потоа им рече на учениците: 'Да одиме пак во Јудеја!'***“ (Јован 11,6.7)

Луѓето во Јудеја биле непријателски расположени кон Исуса и Неговите ученици. Сега Исус сакал да се врати и да влезе во самиот центар на опасноста! Учениците се загрижиле. Биле изненадени кога ја слушнале причината за нивното враќање: „***Лазар, пријателот наш, заспал; но ќе отидам да го разбудам***“ (Јован 11,11).

Овие зборови на Исус уште повеќе ги збуниле учениците. Зар да се соочат со сите тие опасности само за да разбудат човек кој спие? „***Господе***“, кажале, „***ако заспал, ќе стане!***“ Тогаш Исус отворено им кажал: „***Лазар умре***“ (Јован 11,12.14). Лазар спиел, иако тоа била вистинска смрт...

Христос знае за смртта повеќе од кој било човек на светот. Како Бог во тело, тој смртта ја нарекол сон. Сите знаеме што е сон. Учениците исто така знаеле. Затоа и кажале: „***Ако заспал, ќе стане!***“ Меѓутоа, Исус зборувал за смртта, а не за обичен сон. Сепак, отишол да го разбуди Лазара како што мајката го буди својот



син. За Христа смртта е само одмор по работата. Смртта и гробот се само привремена состојба и место за мртвите, а не вечен стан!

## Единствен Спасител

Христовата средба со Марија и Марта била мошне трогателна. Марта го пресретнала со очи полни со солзи. Лазар, нивниот единствен брат, е мртов.

„***Господи, ако беше Ти овде, брат ми немаше да умре***“, кажала Марта.

„***Брат ти ќе воскресне***“, одговорил Исус.

***„Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден"***, кажала Марта.

***„Јас сум воскресението и животот"***, бил Христовиот одговор (Јован 11,21-25).

***„Исус, пак, кога ја виде како плаче, и Јудејците што беа дошле со неа како плачат, се нажали и се потресе."*** Христовата тага била многу подлабока од тагата на Марија по Лазар. Христовата жалост го опфаќала целото човештво што живее во страв од смртта.

***„Каде го положивте?"***, запрашал.

***„Му рекоа: 'Господи, дојди и види!'"***

Тогаш ***„Исус просолзи"*** (Јован 11,33-35).

Исусовите солзи не течеле само поради тагувањето по Лазар, бидејќи Тој дошол да го разбуди! Бог бил тажен поради гревот што го одвоил животот на човекот од Божјиот живот. Исус плачел за целиот човечки род.

Гробот на Лазар ***„беше пештера и камен навален на неа"***.

***„Кренете го каменот"***, рекол Исус.

***„Но, Господе"***, се спротивставила Марта, ***„има четири дена откако е умрен. Мириса веќе."*** Сепак, луѓето ***„го тргнаа каменот"***.

По кратка молитва, Исус ***„извика со висок глас: 'Лазаре, излези надвор!'". – „И излезе умрениот, завиткан во платно по рацете и нозете; а лицето забрадено со крпа. Им рече Исус: 'Одвиткајте го и оставете го да оди!'"*** (Јован 11,38-44).

Лазар станал од мртвите! Го добил животот повторно како



дар исто онака како во времето кога бил создаден првиот човек во Едем: ***„И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа"*** (1. Мојсеева 2,7). Истиот глас кој рекол: ***„Да создадеме човек според Нашиот образ"*** (1. Мојсеева 1,26), го разбудил Лазар од мртвите и го извел од гробот.

## СМРТТА КАКО СОН

Тоа бил Христовиот величествен одговор на прашањето за смртта, кое патријархот





Јов им го поставил на своите пријатели: ***„Кога ќе умре човек, ќе живее ли пак?"*** Воскресението на Лазар бил одговор на уште едно прашање: ***„А човекот умира и истлејува; си оди, и каде е тој?"*** (За Јов 14,14.10) Човекот спие во гробот не знаејќи ништо. Библијата кажува: ***„Живите знаат дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат, и веќе за нив нема награда, зашто и споменот за нив е предаден на заборавот, и љубовта нивна, и омразата нивна и љубомората нивна веќе исчезнале, и ќе немаат дел довека во ништо, што се случува на Земјата" (Проповедник 9,5.6).***

Јов бил смртно болен. Дали ќе биде заборавен во гробот засекогаш? О, не! Јов го познавал Бога. Верувал во воскресението и бил сигурен кога кажал: ***„Во сите денови на одреденото време би чекал додека ми дојде промена. Ти би викнал, и јас би Ти одговорил, и Ти би покажал благоволение кон созданието на Твоите раце"*** (За Јов 14,14.15). Длабоко верувајќи му говорел на својот Спасител: ***„Ќе се сетиш на мене и ќе ме повикаш!"***

Бог нема да ги заборави Своите пријатели! Тој знае каде почиваат тие. Бог нема да ги заборави таму каде се наоѓаат - било да се живи или мртви. ***„А дека мртвите ќе воскреснат, тоа го посведочи и Мојсеј кај капината, кога го нарече Господ - Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов. А Бог не е Бог на мртвите, туку на живите, зашто во Него се сите живи"*** (Лука 20,37.38).



Мртвите ќе воскреснат, зашто Бог може да ги подигне од гробот. Времето на смртта е толку кратко кога ќе се спореди со вечноста, така што може во потполност да се занемари! Апостол Павле зборува со вера во Христос како Спасител кога кажува дека Тој ***„ги оживува мртвите"*** (Римјаните 4,17).

Во книгата на пророкот Малахија пишува: „***И пред лицето Негово се пишува спомен книга за оние што се бојат од Бога и го почитуваат името Негово***“ (Малахија 3,16). Тоа е голема Божја спомен-книга. На нејзините вечни страници се запишани со бојата на крвта имињата на оние што заспале во Исуса Христа.

Исус учел дека смртта е само сон и со тоа го потврдил сето она што пророците порано го напишале за смртта. Исус, исто така, ги потпишал сите изјави за смртта и воскресението што ги дале апостолите во Новиот Завет.

## Вечноста е пред нас

Тешко е да се гледа низ солзи! Тешко е низ плач да се види дека „***на оние што го љубат Бога сè им оди на добро***“ (Римјаните 8,28). Кога ќе сфатиме дека пред нас е вечноста,



сигурна и вистинита, тогаш овој краток живот ни изгледа сосема поинаков. Од врвот, досегнат со вера, можеме да видиме дека Бог нè води онака како што и самите би сакале да бидеме водени кога од почетокот би го знаеле крајот. Времето брзо минува, и скоро, мошне скоро, ќе се случи промена: „***Се сее за распаѓање, воскреснува во нераспаѓање; се сее во бесчестие, воскреснува во слава; се сее во немоќ, воскреснува во сила; се сее тело телесно, воскреснува тело духовно***“ (1. Коринќаните 15,42-44).

Кога смртта ќе ги оттргне од нас оние што сме ги сакале, знаеме дека во Господовите очи е „***скапа... смртта на Неговите светии***“ (Псалм 116,15). Кога Божјето дете си заминува од оваа солзна долина, тоа е надвор од досегот на злото. Сатаната веќе не може да го напаѓа и да го искушува. Тоа спие под ѕвездата на надежта до утрото на воскресението. Библијата ја открива тајната за предвремената смрт на многу праведници: „***Праведникот умира и никој не се загрижува; и благочестиви луѓе се земаат и никој не помислува дека праведникот од зло се оттргнува***“ (Исаија 57,1).

Сонот е само еден минлив миг; смртта е само делче од времето. Во сонот ништо не се знае. Часовникот отчукува, а ние не слушаме, времето поминува, а ние не знаеме. А потоа - будење! Апостол Павле со таа мисла ги тешел првите христијани во Солун: „***Да не тажите како и другите, што немаат надеж. Зашто, ако веруваме дека Исус умре и воскресна, така Бог и упокоените преку Исус, ќе ги доведе со Него. Ова, пак, ви го велиме преку словото Господово, дека ние, живите, што ќе останеме до доаѓањето на Господ, нема да стигнеме пред упокоените***“ (1. Солуњаните 4,13-15).



## Кога Христос повторно ќе дојде

Драги пријатели, кога човечкото срце е рането со смртта на своите мили и драги, колку е утешна вистината дека големото Божје срце е трогнато од нашата болка и тага. „***Во секоја нивна жалост и Тој беше тажен***“, кажува пророкот Исаија (Исаија 63,9). Во долината на „***смртната сенка***“ има толку малку утешни зборови од човечките усни. Дури ни најтоплото човечко сочувство не може да го излечи скршеното срце. Но, со цврста вера во Христа можеме да кажеме како Давид: „***Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се исплашам од злото, зашто Ти си со мене; Твојот жезол и Твојата палка ме успокојуваат***“ (Псалм 23,4). Давид ја знаел вистината за смртта и тоа го утешило.

Исус учел дека сите мртви - и праведните и неправедните - се наоѓаат во своите гробови.



Нашите мртви сè уште се во своите гробови! Небото е место каде немаат пристап ниту гревот, ниту смртта, ниту, пак, таму може да живее некој грешник или смртник. „***Бидејќи сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господ. Па затоа, утешувајте се еден со***

***друг со тие зборови***“ (1. Солуњаните 4,16-18).

Исус бил „***човек на болки и свикнат на страдања... Тој ги зеде врз себе нашите болки и ги понесе нашите слабости***“ (Исаија 53,3.4). На Голгота страдањата на Неговиот дух биле многу поголеми од телесните страдања. Тој умрел затоа што му се скршило срцето. Лазар го подигнал од гробот, а Тој самиот доброволно легнал в гроб. На Голгота нè помирил со Таткото, а со своето воскресение ја „***победи смртта***“, за ние да имаме на-



деж во „***вечниот живот, што пред вечни времиња го вети Бог, кој никогаш не лаже***“ (Тит 1,2). Смртта не е пријател, туку непријател, таа не е пастир, туку крвник. „***А како последен непријател ќе биде уништена смртта***“ (1. Коринќаните 15,26).

## Блажена надеж

Надежта во Христовото второ доаѓање е надеж во воскресението, кога мртвите ќе станат и ќе заминат со „***Господ на небото***“. Таа надеж Библијата ја нарекува „***блажена***“. „***Бидејќи се јави Божјата благодат, спасителна за сите луѓе. Таа нè учи да ги отфрлиме безбожноста и желбите на овој свет, чесно, праведно и побожно да поживееме во овој век, чекајќи да се исполни блажената надеж и да се јави славата на великиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос, кој се даде самиот себе за нас***“ (Тит 2,11-14).

Нашиот Спасител ни ја дал оваа блажена надеж со своите зборови, со своите дела и со своето воскресение. Исус јасно кажал: „***Не чудете се на ова, зашто доаѓа часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување***“ (Јован 5,28.29).

Времето на воскресението ќе биде време кога секој ќе прими според своите заслуги. Исус му кажал на еден фарисеј, додека седеле на трпезата: „***Ќе ти биде возвратено при воскресението на праведните***“ (Лука 14,14). Слушнете го Христовото ветување, вие кои се колебате помеѓу надежта и очајот: „***А волјата на Отецот, кој ме прати, е оваа: од сè што ми дал да не загубам ништо, туку да го воскреснам во последниот ден. Волјата на Оној што ме прати е: секој што ќе го види Синот и ќе поверува во Него да има вечен живот, а Јас ќе го воскреснам во последниот ден***“ (Јован 6,39.40).



Што ни треба повеќе од тоа? Дали некој некогаш ветил нешто слично? Чии зборови се толку утешни како овие? Не е чудно што апостол Петар му одговорил на Исус: „***Господи, кај кого ќе отидеме? Ти имаш зборови за вечен живот***“ (Јован 6,68). Оние што заспале во Христа, ги очекува величествена слава на животот од онаа страна на гробот - по воскресението. Гробот не е последниот збор во животот! Во времето на Христовото воскресение мнозина воскреснале од мртвите. Библијата кажува: „***Жени примија свои умрени воскреснати***“ (Евреите 11,35). Мајките повторно ќе ги примат своите дечиња во своите прегратки! Гробовите ќе се отворат, „***зашто Бог предвиде нешто подобро***“ (Евреите 11,40) - живот по воскресението, вистински и совршен.

Ништо нема да изгубиме ако го отфрлиме старогрчкото учење за смртта! Ништо нема да изгубиме ако го отфрлиме човечкото мислење за постоењето на задгробен жи-



вот во рај или во пекол, во чистилиште или сеедно каде. Напротив! Крај Христовите нозе сме ја отвориле книгата на блажената надеж и од нејзините страници сме ја препишале вистината на животот на плочите на нашето срце.

Без Христа ниту еден човек „***нема во себе вечен живот***“ (1. Јованово 3,15). Без Христа сме без надеж, изгубени во овој свет. Човекот умира, но Христос дошол да му донесе на смртниот човек блажена надеж во воскресение. Да ги читаме прекрасните зборови на надеж во Првото послание до Коринќаните 15,16.17.20: „***Зашто, ако мртвите не воскреснуваат, и Христос не воскреснал; ако, пак, Христос не воскрес-***

***нал, напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови... НО***“, извикнува апостол Павле, „***ХРИСТОС ВОСКРЕСНА ОД МРТВИТЕ!***“ Тоа е необорлив историски факт.

Христовото воскресение било секојдневна реалност за апостол Павле - некогашен огорчен противник на првите христијани. Воскресението од мртвите веќе не го збунувало. Проповедал за воскреснатиот Христос посилно од кој било друг, и поради тоа е доведен на суд од своите сограѓани. „***За надеж во воскресение на мртвите ми се суди***“ (Дела на апостолите 23,6), кажал пред своите судии. „***Што? Зар вие мислите дека не може да се верува дека Бог воскреснува мртви?***“ (Дела на апостолите 26,8), прашувал овој носител на блажената надеж и сведок на Христовото воскресение.

Од прогонител станал прогонет, од неверник станал верник во Исуса Христа. Како се случило тоа? Едноставно! Апостол Павле го сретнал Оној за кого знаел дека умрел! Меѓутоа, го видел воскреснатиот Господ во таква слава и величество, што привремено ослепел од болскотот на таа слава. Воскресението на мртвите веќе не било утопија за него, туку реалност „***на вистината и со здрав разум***“ (*Дела на апостолите 26,25*).

## „Воскреснат“ храм

Пред триесет и три века во Карнак, на источниот брег на реката Нил, се издигал голем храм. Го изградил фараонот Аменофис IV, еден од најинтересните фараони на стариот Египет, маж на кралицата Нефертити. Неговиот храм стоел исправено нешто повеќе од дваесет години, а потоа бил разурнат до темел. Неговите ѕидови биле разрушени на парчиња и расфрлени на сите страни.

Многубројни археолошки експедиции откопале повеќе од 35 илјади украсни камени блокови кои долго време стоеле под отворено небо. И тогаш, во 1965 година, еден археолог дошол на идеја да го „воскресне“ храмот. Компјутерот бил „нахранет“ со деталите од секоја слика на камените блокови, и со притискање на копчето, машината го прикажала изгледот што го имал храмот пред 33 века.

Ова чудо би било невозможно без компјутер. Кога денес некој би сакал, би можел од истите камења повторно да го подигне храмот кој бил урнат пред 33 века. Тешко ќе се најде некој доволно богат да го направи тоа, но Бог е доволно богат со сила и љубов да го воскресне човекот. Патријархот Јов верувал во тоа: „***Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја***“ (За Јов 19,25).



## Христос и бесмртноста

Драги пријатели, додека вашето срце денес тагува за оние што умреле, погледнете во Оној кој умрел место нас. Христијаните тагуваат, но не



се без надеж. Тие плачат, но знаат дека нивните мили и драги не си заминале засекогаш, туку дека повторно ќе ги сретнат живи при второто Христово доаѓање. Тие знаат дека нивните драги ги затвориле своите очи за овој темен свет и дека ќе ги отворат во славното утро на воскресението. Пророкот Даниел кажал: „***И мнозина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат***“ (Даниел 12,2).

„***Ќе оживеат мртвите твои***“, е единствената надеж што може да нè утеши. Пророкот Исаија ја изразува својата вера во воскресението на мртвите: „***Твоите мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат***“, и затоа ја објавува радосната вест: „***Разбудете се и ликувајте вие, соборените во прав***“ (Исаија 26,19).

„***Еве, Јас ќе ги отворам гробовите ваши***“, нè уверува Бог преку својот пророк Езекил, „***и ќе ве изведам, народе мој, од гробовите ваши и ќе ве воведам во земјата израелска. И ќе познаете дека Јас сум Господ, кога ќе ги отворам гробовите ваши и ќе ве изведам, народе мој, од гробовите ваши. Ќе вдахнам во вас од мојот дух и ќе оживеете, ќе ве населам во вашата земја, па ќе познаете дека Јас, Господ го реков тоа, и го извршив, вели Господ***“ (Езекил 37,12-14).

„***Духот е тој што оживува***“ (Јован 6,63), кажал Исус зборувајќи за силата на воскресението. „***Го праќаш ли духот Свој - се создаваат***“, сведочи псалмистот Давид (Псалм 104,30). Воскресението ќе биде дело на создавање на Светиот Дух на крајот на историјата на нашиот грешен свет. „***Еве, ви***

***кажувам тајна***“, полн со надеж зборува Христовиот апостол, „***сите нема да се упокоиме, туку сите ќе се измениме, одеднаш, за еден миг на око, на последната труба: зашто ќе затруби, и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме; зашто распадливото треба да се облече во нераспадливост, а смртното - да се облече во бесмртност***“ (1. Коринќаните 15,51-53).

„***Бидејќи смртта дојде преку човекот, така и воскресението од мртвите преку Чо-***



***век. И како што по Адам сите умираат, така и во Христос сите ќе бидат оживеани***“ (1. Коринќаните 15,21.22).

Овие зборови, кои ја кажуваат вечната вистина, да ги запишеме на плочите на своето срце! Да им го кажеме тоа на нашите неутешни пријатели. Овој живот е полн со страдања и разочарувања. Често гледаме низ солзи, како што децата гледаат во Сонцето низ парче темно обоено стакло: „***Сега гледаме како низ огледало, нејасно, а тогаш – лице в лице; сега спознавам делумно, а тогаш ќе спознаам совршено како што и сум спознаен***“ (1. Коринќаните 13,12).

Сè што знаеме сега за иднината бесмртност, која ќе се изрази преку воскресението, знаеме од Христовите зборови. Тој ја отворил вратата на бесмртноста со својата победа над гробот. Тој ни дозволил да погледнеме во вечниот живот, кој ќе завладее на Земјата по воскресението.

„***Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе го видиме каков што е***“ (1. Јованово 3,2). Апостол Павле вака зборува за бесмртноста која ќе настане преку Христа по пат на воскресението: „***Тој ќе го преобрази нашето понизено тело да стане подобно на Неговото славно тело***“ (Филипјаните 3,21). Тогаш навистина ќе бидеме на Небото! „***Тогаш праведниците ќе заблескаат како сонце во царството на нивниот Отец***“ (Матеј 13,43).

Повторно нашето новосоздадено тело ќе оди по патеката на животот и ќе блеска со славата на бесмртноста. Кога Бог одново ќе го создаде нашиот свет, повторно ќе се слушне песната на создавањето:

„***Господ, твојот Бог... ќе се радува поради тебе пеејќи***“ (Софонија 3,17).





Небото ќе биде исполнето со вечна радост:

„***И ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот слуга, и песната на Јагнето, велејќи: ’Големи се и прекрасни делата Твои, Господе!’***“

Песната на исполнетите ветувања наскоро ќе одѕвонува низ пространствата на небото:

„***И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има повеќе, ниту плач, ниту писко, ниту болест нема да има повеќе, зашто поранешното помина***“ (Откровение 15,3; 21,4).

Драги пријатели, нашата надеж крај гробот е блажена надеж во воскресението, кое ќе се збидне при второто Христово доаѓање. Ако го очекуваме, уште денес можеме, утешени и сигурни во Божјите ветувања, да кажеме: „***Победата ја проголта смртта! Каде ти е, о смрт, осилото? Каде е победата твоја? Благодарност на Бога кој ни даде победа преку нашиот Господ Исус Христос***“ (1. Коринќаните 15,54.55.57).

Текст: **Драгутин и Лазар Сланкаменац** | Превод: **Илија Киров** | Корекција: **Албена Кирова** |
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето„** 1001 Скопје | За издавачот: **Михајло Гурев**